**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**


Бр. 12-2118/2

Скопје 05.06.2023 г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и член 30 став 5 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/19), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-490/1 од 17.05.2023 година (наш.арх.бр.12-2118/1 од 17.05.2023 година), поднесено од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации преку застапник/полномошник на барателот на информацијата на ден 05.06.2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ДЕЛУМНО ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр.0302-490/1 од 17.05.2023 година (наш.арх.бр.12-2118/1 од 17.05.2023 година), поднесено од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации во однос на следните информации од јавен карактер поврзани со јавна набавка на „Изнајмено печатење“ со бр.08028/2023:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда-Финансиска понуда);
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај од спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

- Извештај од спроведената е-аукција;
- Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба; и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ПРИСТАП** до следните информации од јавен карактер, и тоа:

- Одлука за потреба од јавна набавка (арх.бр.05-2002/1 од 04.05.2023 година), која се доставува како прилог на ова Решение (Прилог бр.1) и
- Одлука за поништување на постапката за доделување договор за јавна набавка (арх.бр.05-2009/3 од 18.05.2023 година), која се доставува во прилог на ова Решение (Прилог бр.2).

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-490/1 од 17.05.2023 година (наш.арх.бр.12-2118/1 од 17.05.2023 година), со кое се бара пристап до информации од јавен карактер во однос на постапката за јавна набавка на „Изнајмено печатење“ со бр.08028/2023.

Агенцијата овозможува делумен пристап до бараните информации, бидејќи по донесената Одлука за потреба од јавна набавка за Изнајмено печатење (арх.бр.05-2002/1 од 04.05.2023 година), додека траеше рокот за доставување понуди, се утврди дека Тендерската документација за јавната набавка содржи пропусти и се донесе Одлука за поништување на постапката за доделување договор за јавна набавка (арх.бр.05-2009/3 од 18.05.2023 година).

Врз основа на член 30 став 5 од Законот за јавните набавки, по конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката, сите документи од постапката за јавна набавка, освен податоците кои се деловни тајни, класифицирани информации и лични податоци се сметаат за информации од јавен карактер. Согласно цитираниот член и по извршениот увид, Агенцијата утврди дека делумно располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нејзина недостапност, поради што се овозможи делумен пристап до бараната информација, која е наведена во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член

88 од Законот за општата управна постапка и член 30 став 5 од Законот за јавните набавки, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

______________________

Цветанка Митревска

Прилози (2):
1) Одлука за потреба од јавна набавка (арх.бр.05-2002/1 од 04.05.2023 година); и
2) Одлука за поништување на постапка за доделување договор за јавна набавка (арх.бр.05-2009/3 од 18.05.2023 година).

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

______________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прилог бр. 1

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1, 2 и 10[1], а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр. 248/18), како и член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/19) и Законот за дополнување на Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), а во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, Барањето за отпочнување постапка за јавна набавка бр.05-1802/1 од 10.04.2023 година, Барањето за доделување на договор за јавна набавка бр.05-1802/2 од 18.04.2023 година, и Заклучокот бр.02-1946/8 од 04.05.2023 година, Директорот на Агенцијата ја донесува следната:

## О Д Л У К А
### за потреба од јавна набавка

1. За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2023 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – услуга: Изнајмено печатење.

2. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, изнесуваат 800.000,00 денари, без вклучен ДДВ, и истите се обезбедени односно ќе бидат обезбедени на следниот начин:
- 400.000,00 денари во Финансискиот план за 2023-та година, и
- 400.000,00 денари во Финансискиот план за 2024-та година.

3. Доделувањето на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

4. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да заврши со користење на електронска аукција.

5. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

[illegible]

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

7. Договорниот орган – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по завршувањето на постапката, ќе склучи договор за јавна набавка со понудувачот чија понуда ќе се избере како најповолна, согласно член 112 став 4 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 20 став 1 алинеји 1, 2 и 10, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

и 77/21), и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр. 248/18), како и член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/19) и Законот за дополнување на Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), а во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, Барањето за отпочнување постапка за јавна набавка бр.05-1802/1 од 10.04.2023 година, Барањето за доделување на договор за јавна набавка бр.05-1802/2 од 18.04.2023 година, и Заклучокот бр.02-1946/8 од 04.05.2023 година, на својата 14-та седница, одржана на ден 03.05.2023 година, ја утврди потребата согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка услуга: Изнајмено печатење.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, изнесуваат 800.000,00 денари, без вклучен ДДВ, и истите се обезбедени односно ќе бидат обезбедени на следниот начин: 400.000,00 денари во Финансискиот план за 2023-та година и 400.000,00 денари во Финансискиот план за 2024-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука, да заврши со користење на електронска аукција.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка од точка 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има потреба од набавка на изнајмено печатење со цел да обезбеди непречено скенирање и печатење на работните материјали за потребите на Агенцијата.

Договорниот орган – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по завршувањето на постапката ќе склучи договор за јавна набавка со понудувачот чија понуда ќе се избере како најповолна, согласно член 112 став 4 од Законот за јавните набавки.

Врз основа на сето напред наведено, одлучено е како во диспозитивот на оваа одлука.

Бр. 05-2002/1

04-05- 2023 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Доставено до:

- Комисијата за јавни набавки;
- Одделението за јавни набавки, Сектор за правни работи и јавни набавки, и
- Архива на Агенцијата.

Прилог бр. 2

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 5 и став 4 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), во согласност со член 20 став 1 алинеја 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.248/18) и член 39 став 1 алинеја 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со Известувањето бр.05-2009/2 од 18.05.2023 година, Директорот на Агенцијата, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се поништува постапката за доделување договор за јавна набавка, спроведена со примена на поедноставена отворена постапка, за предметот - услуга: Изнајмено печатење, Оглас бр.08028/2023, бидејќи е оценето дека тендерската документација содржи битни пропусти.

2. Агенцијата како договорен орган, за поништување на постапката за јавна набавка наведена во точка 1 на оваа Одлука, ќе објави известување на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), во рок од десет дена од денот на поништувањето на постапката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како договорен орган, согласно Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-2002/1 од 04.05.2023 година, започна постапка за јавна набавка – услуга: Изнајмено печатење, Оглас бр.08028/2023, со примена на поедноставена отворена постапка, за која се предвидени средства во износ од 800.000,00 денари. Барањата, условите, критериумот и другите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на предметната постапка за доделување на договор за јавна набавка, Агенцијата ги утврди во Тендерската документација бр.05-2009/1 од 04.05.2023 година. За предметната постапка, преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), на 04.05.2023 година е објавен Оглас бр.08028/2023, со краен рок на доставување на понуди до 19.05.2023 година.

Меѓутоа, на ден 17.05.2023 година се утврди дека Тендерската документација за јавната набавка – услуга: Изнајмено печатење (арх. бр.05-2009/1 од 04.05.20023 година), со објавен Оглас бр.08028/2023, и со краен рок на доставување на понуди до 19.05.2023 година, содржи битен пропуст/ недостаток. Имено, во образецот на Понуда, во Дел III. 2. Детален приказ на вкупната цена, содржана е следната табела:

| **Вид на услуга** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена за изработен отпечаток / скенирање по лист, без ДДВ** | **Износ на ДДВ** | **Цена (со ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|---|
| црно бел А4 отпечаток/копија | лист | 1 | | | |
| колорен А4 отпечаток/копија | лист | 1 | | | |
| Скенирање | лист | 1 | | | |
| Вкупно | | | | | |
| Вкупна цена на листата без ДДВ<br>Со зборови: | | | | | |

Табелата е направена од Секторот за правни работи и јавни набавки со интенција таа да биде поразбирлива за економските оператори, меѓутоа констатирано е дека на овој начин, во негативна смисла, се менуваат барањата содржани во Техничката спецификација подготвена од Секторот за информатичка поддршка и општи работи.

За да се надмине оваа состојба, потребно е табелата во образецот на Понуда, во Дел III. 2. Детален приказ на вкупната цена, да биде идентична со табелата содржана во Барањето за отпочнување постапка за јавна набавка бр.05-1802/1 од 10.04.2023 година од Секторот за информатичка поддршка и општи работи, односно да биде содржана следната табела:

| Вид на услуга | Единица мерка | Количина | Единечна цена за изработен отпечаток/скенирање по лист, без ДДВ | Износ на ДДВ | Цена (со ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|
| црно бел/колор А4 отпечаток, копија, скенирање | лист | 1 | | | |

Врз основа на напред наведеното, Секторот за правни работи и јавни набавки, Одделение за јавни набавки со Известување бр.05-2009/2 од 18.05.2023 година, го извести Директорот на Агенцијата како одговорно лице за утврдената состојба и укажа дека е потребно согласно член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавните набавки, да се поништи постапката за јавната набавка – услуга: Изнајмено печатење, поради тоа што се оцени дека Тендерската документација за јавната набавка – услуга: Изнајмено печатење (арх. бр.05-2009/1 од 04.05.20023 година), содржи битни пропусти и да се започне нова постапка во која ќе бидат отстранети констатираните пропусти.

Директорот како одговорно лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како договорен орган, го прифати предлогот содржан во Известувањето бр.05-2009/2 од 18.05.2023 година, и врз основа на член 114 став 1 алинеја 5 и став 4 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), а во согласност со член 20 став 1 алинеја 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 42/20 и 77/21), член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.248/18) и член 39 став 1 алинеја 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, се донесе одлука како во диспозитивот на истата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Бр. 05-2009/3**
**18.05. 2023 година**
**Скопје**

<u>Примерок од Одлуката да се достави до:</u>

- Комисијата за јавни набавки,
- Секторот за правни работи и јавни набавки,
- Архивата на Агенцијата.